Министерство за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за производство, трговија и услуги НБ ПЕТРОЛ КОМПАНИ ДООЕЛ с. Таринци Карбинци застапувано од Горан Штерјов и со Записник бр.ИП1 29-133 од 09.02.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од став 1 алинеја и 14 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 3/25) и член 232 став2 од Законот за води (Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021 и 3/25) и член27 став1 алинеа 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина(Сл.весник на РСМ број 99/2022годи3/2025) донесе:

# РЕШЕНИЕ

**1.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект Друштво за производство, трговија и услуги НБ ПЕТРОЛ КОМПАНИ ДООЕЛ с. Таринци Карбинци да склучи Договор со правен субјект за чистење на сепаратор и постијниот сепратор да го исчисти траспортните и идентификационите формулари да гои достави во ДИЖС.

**2.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект Друштво за производство, трговија и услуги НБ ПЕТРОЛ КОМПАНИ ДООЕЛ с. Таринци Карбинци да поднесе барање за дозвола за зафаќање на вода.

Рокот за иврршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 и 2 на ова Решение, изнесува **60(шеесет)** дена од ден на прием на Решението.

1) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1и 2 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 198 од став 1 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 3/25) и член 232 став 1 од Законот за води (Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021 и 3/25) преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за производство, трговија и услуги НБ ПЕТРОЛ КОМПАНИ ДООЕЛ с. Таринци Карбинци и со Записник бр. ИП1 29-133 од 09.02.2026 година, ја утврди фактичката состојба:

---

Извршен е вонреден инспекциски надзор во правниот субјект Друштво за производство, трговија и услуги НБ ПЕТРОЛ КОМПАНИ ДООЕЛ с. Таринци Карбинци, по издадена Наредба за вонреден инспекциски надзор од страна на Директорот на Државниот инспекторат за животна средина, а по препраќање на надлежност за вршење на надзор од страна на Општина Штип. Одговорното лице изјави дека сепараторот за отпадни води не е исчистен и дека нема склучен Договор за чистење на сепаратор со правен субјект кој поседува Договор со правен субјект што поседува Дозвола за превземање од таков вид на отпад.

Во кругот на правниот субјект има бунар за вода за кој одговорното лице изјави дека не поседува Дозвола за користење на води од бунар.

---

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 од Законот за жиовотна средина, а во врска со член 200 сав 1 од Законот за животна средина, член 232 став 1 од Законот за води и член 232 став 2 од Законот за води се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број ИП1 29-133 од 09.02.2026**

М.П.

**Државен инспектор за животна средина**
**Зоран Стојнев**

---

со службена легитимација
број 06-0023 од 17.05.2022год.